## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ КОНТРОЛИНГ ВО ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-890/9 од 8 август 2014 година, донесена на 108. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 8 август 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент-докторанд за научна област контролинг во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“, „Утрински весник” и „Коха“ на 4 јули 2014 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот пом. асс. м-р Оливер Филипоски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Оливер Филипоски** е роден на 28 декември 1980 година во Гостивар. Средното гимназиско образование го завршува во Гимназија „Панче Попоски” во Гостивар, со континуиран одличен успех. Дипломира во 2004 година на тема „Осигурување на културното наследство” под менторство на проф. д-р Сашо Коруновски и се стекнува со звање **дипломиран менаџер по осигурување** на Факултетот за туризам и угостителство при Универзитет „Св. Климент Охридски“. Во учебната 2004/2005 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, на насоката Осигурување. Во 2008 година, со просечна оценка на студирањето од 9,9 го одбранува магистерскиот труд со наслов „Супервизорска контрола во осигурителни друштва и банки” под менторство на проф. д-р Деса Косаркоска и се стекнува со академски степен **магистер на науки од областа на осигурителни науки**. Кандидатот од август 2011 година е докторанд на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во текот на постдипломските студии кандидатот дал посебен придонес во содржинска подготовка на книгата „Методологија на научното истражување“, како и во подготовка на интерните скрипти за предавање и вежби по предметите Методологија на научно истражување и Осигурување за потребите на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Во академската 2010/2011 година кандидатот за потребите е ангажиран како волонтер на Факултетот за туризам и бизнис логистика и согласно со Договорот за волонтерска работа со Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, каде што успешно ги реализира сите поставени задачи, покажувајќи солидни комуникациски вештини и способност за организирање и реализирање на оперативните задачи на факултетот.

Во септември 2011 година кандидатот е избран за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Кандидатот во овој период активно учествува во бројни обуки, работилници и конференции со желба да ги усоврши своето знаење и вештини. Истовремено, тој е коавтор на повеќе научни и стручни трудови што упатува на неговиот интерес и желба за научноистражувачка работа. Од приложената документација на кандидатот се гледа дека истиот одлично го говори англискиот јазик и има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми како Windows и Microsoft Office. Од 8 август 2014 година е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, како и активно учество во повеќе комисии при Факултетот.

***Кандидатот ги исполнува сите законски услови предвидени за избор во звање асистент-докторанд, и тоа:***

- завршен втор циклус студии од соодветно научно подрачје;
- остварен просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус студии;
- познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот преку Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1);
- објавен минимум еден научен труд;
- способност за наставно-научна дејност (25 поени).

***Наставно-образовна дејност***

Од септември 2011 година кандидатот работи како помлад асистент во научната област туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Во тој период изведува вежби на повеќе предмети, и тоа: Бизнис логистика, Осигурување од одговорност, Организациско однесување, Менаџмент на мали и средни бизниси, Претприемништво, Ресторански менаџмент, Интернационална гастрономија, Патнички агенции, Промотивни агенции, Пракса во хотелско-угостителки објект 1, Меѓународна трговија, Хотелиерство, Рурален (бањски) туризам, Царинска тарифа и царинска управна постапка, Проценка на надомест и штета, Сообраќај во туризмот, Основи на туризам, со кои го исполнува критериумот од минимум 25 поени за наставно-образовна дејност.

***Научноистражувачка дејност***

Добиените теоретски сознанија м-р Оливер Филипоски ги применува во научноистражувачка дејност, при што е коавтор на научни и стручни трудови објавени во меѓународни стручни списанија (трудовите се објавени и во електронскиот репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип).

***Научни трудови, стручни трудови и работни трудови:***

1. Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and **Filiposki, Oliver** and Dzaleva, Tatjana (2013) *Business processes optimization possibilities.*International Journals of Marketing and Technology (IJMT), 3 (8). pp. 89-97. ISSN 2249-1058
2. Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Kitanov, Vladimir and **Filiposki, Oliver** and Dzaleva, Tatjana (2013) *Models of TQM Strategy in the World and the Need for Macedonian Model of Excellence*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 16 (1). pp. 69-79. ISSN 2229 - 6107
3. Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Kitanov, Vladimir and **Filiposki, Oliver** and Dzaleva, Tatjana (2013) *The Need for Information System Design in Building a House of Quality*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 16 (1). pp. 26-33. ISSN 2229 - 6107
4. Ackovska, Marija and Petroska Angelovska, Neda and Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** (2012) *Економијата на туризмот и нејзиното изучување на додипломските студии на Факултетите за туризам во Република Македонија*. Предизвиците на науката во економија базирана на знаење - состојби и перспективи. pp. 191-202. ISSN 978-608-4519-07-2
5. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and **Filiposki, Oliver** and Temelkov, Zoran (2012) Mogućnosti razvoja termalnog turizma u *Republici Makedoniji*. *IV Kongres banja sa međunarodnim učešćem*.
6. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2012) *Proposal methodology of the subsystem - internal standardization as part of TQM system*. International Journal for Quality Research, 6 (3). pp. 251-258. ISSN 1800 - 6450
7. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2012) *Proposed methodology for implementing quality methods and techniques in Macedonian companies*. Journal of Engineering & Processing Management, 4 (1). pp. 33-46. ISSN 2157-7587
8. **Filiposki, Oliver** and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Temelkov,

Zoran (2011) *Комуникациски вештини-предуслов за подобри предавања*. „Образованието во 21 век" - можности и предизвици.

9. Taskov, Nako and **Filiposki, Oliver** and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan (2011) *Управление на качеството в застрахователните дружества*. Международна юбилейна научна конференция: „Икономиката и управлението в XXI век – решения за стабилност и растеж".
10. Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Dzaleva, Tatjana and **Filiposki, Oliver** (2011) *Entrepreneurship in Tourism Industry Lead to Business Benefits*. The Influence of Tourism on Economic Development.
11. Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Dzaleva, Tatjana and **Filiposki, Oliver** (2011) *Turizmi rural, mundësia për zhvillim rural në Republikën e Maqedonisë*. International Scientific Conference, "Fostering Development of Agriculture in Albania through Improved Employment of Agricultural Resources".

***Учество на конференции, семинари и студиски престои:***

1. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and **Filiposki, Oliver** and Dzaleva, Tatjana and Temelkov, Zoran (2013) *Geographical dispersion of tourist agencies in Republic of Macedonia*. In: First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, Nis, Serbia.
2. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and **Filiposki, Oliver** and Temelkov, Zoran (2013) *Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија*. In: 1ST International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia.
3. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2013) *Примена на стратегијата на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот*. In: Туризмот во Дојранскиот регион, 20 април 2012, Дојран, Македонија.
4. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2012) *TQM approach in the projection of e-governance in business within the Macedonian governmental institutions*. In: IV International Scientific Conference, June 2012, Sozopol.
5. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2012) *Проектирање и имплементирање на систем на квалитет преку тимската работа*. In: Современите менаџерски предизвици и организациските науки, Битола.
6. Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Dzaleva, Tatjana and **Filiposki, Oliver** (2011) *Thermal-spa tourism in Republic of Macedonia*. In: Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, 2011, Bucharest, Romania.
7. Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** (2011) *Tourism policy and place image – challenges and performance*. In: Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, Bucharest, Romania.

***Објавени книги и делови од книги:***

1. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2013) *Менаџмент на мал и среден бизнис (рецензирана е-скрипта),* Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-4708-14-8
2. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2014) *Менаџмент на мали и средни бизниси (рецензиран е-практикум),* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-244-027-9
3. Mitreva, Elizabeta and **Filiposki, Oliver** (2013) *Менаџмент на мал и среден бизнис (рецензиран е-скрипта),* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-4708-14-8
4. Atanasoski, Drasko and **Filiposki, Oliver** (2012) *Основи на логистика (научна книга)*. 2-ри Август, Штип. ISBN 978-608-4662-06-8
5. Atanasoski, Drasko and Bardarova, Snezana and **Filiposki, Oliver** (2014) *Практикум за пополнување на единствен царински документ (рецензиран е-практикум)* Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-4708-97-1.

***Сертификати и обуки:***

1. European Commission, Workshop Development and implementation of tourism policy, organized in co-operation with Chamber of Tourism of the Former Yugoslav Republic of Macedonia, 7-8 Nov. 2012, Ohrid.
2. Почетна работилница на проектот „Поттикнување на одржливи врски и развој на кластери во македонската туристичка индустрија", 17 март 2014, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за избор на асистент-докторанд за научната област контролинг во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, по разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавениот кандидат, едногласно го донесоа следниов заклучок.

Кандидатот м-р Оливер Филипоски, покрај доставената комплетна документација која се бара, покажува и перманентен интерес и желба за научно напредување што се потврдува со објавените научни и стручни трудови. Во поглед на наставно-образовната дејност во изминатиот период, кандидатот покажува висок степен на знаење и стручност од областа контролинг во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во изминатиот период.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **м-р Оливер Филипоски да биде избран за асистент-докторанд во научната област контролинг во туризмот** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Елизабета Митрева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ацковска, член, с.р.**
**Доц. д-р Драшко Атанасоски, член, с.р.**